РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3005/17
29.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.07.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, м-р Арџенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 11.07.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.07.2025 година.
3. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 април до 30 јуни 2025 година.
4. Нацрт-деловник за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.
6. Информација за спроведување на обврските на медиумските услуги за обезбедување пристапност за лицата со попреченост.
7. Предлог-правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори).

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за отпис на застарени побарувања од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: адаптивно и превентивно одржување систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи.
12. Предлог за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од Виктор Павловски, го усвои Записникот од првото продолжение на 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 11.07.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.07.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Претседателот на Советот, м-р Стефановски, ја најави точката на дневниот ред која се однесува на разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 април до 30 јуни 2025 година. При тоа, информираше дека по оваа точка не се спроведува гласање, бидејќи извештаите се доставени исклучиво како информативен материјал.

Г-дин Трајчевски истакна дека, во насока на обезбедување транспарентност во работењето, Агенцијата има законска обврска на секои три месеци да доставува Квартални извештаи до Советот, со цел навремено информирање за преземените активности во изминатиот период. Дополнително, најави дека детално образложение за содржината извештаите ќе даде раководителката Драгица Љубевска.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска информираше дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот има обврска да му доставува на Советот Квартални извештаи за спроведување на Годишната

програма за работа на Агенцијата, како и Квартални извештаи за преземените мерки во случаи на прекршување на законските одредби, подзаконските акти и условите и обврските од дозволата. Во периодот од април до крајот на јуни 2025 година, Агенцијата реализирала низа активности предвидени во Годишната програма за работа на Агенцијата за 2025 година. Биле спроведени редовни програмски надзори врз пет национални терестријални ТВ програмски сервиси, шест регионални и пет локални комерцијални телевизии, со цел следење на почитувањето на одредбите од ЗААВМУ и од соодветните подзаконски акти. Во рамки на надзорите, биле констатирани прекршувања кај ТВ М, ТВ Тера и ТВ Феста во однос на правилата за заштита на малолетни лица. ТВ Феста, ТВ Пулс и ТВ Ускана не ги испочитувале обврските за емитување изворно создадена програма, при што ТВ Ускана го прекршила и правилото за употреба на јазик во програмата. Врз истите радиодифузери бил извршен и административен надзор во врска со обврските за објавување импресум, достапност на информации до корисниците и идентификација на радиодифузерот. Прекршувања на овие обврски се констатирани само кај ТВ Феста. Редовните административни надзори беа спроведени врз сите радиодифузери, за обврската за доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за емитување. Констатирано е дека радиодифузерите ја исполниле обврската и генерално биле во рамки на своите програмски концепти. Редовен програмски надзор беше спроведен врз 11 телевизиски програмски сервиси на државно ниво, во делот на обврските за емитување европски аудиовизуелни дела, каде не беа констатирани прекршувања. Раководителката Љубевска објасни дека во сите случаи каде што биле констатирани прекршувања, Агенцијата спровела контролни надзори за утврдување на постапување по изречените мерки. Утврдено е дека сите радиодифузери постапиле по мерките, освен ТВ Клан Мацедониа кај која е констатирано неисполнување на минималните кадровски услови потребни за вршење на дејноста. Агенцијата извршила надзор врз сите радиодифузери и во однос на обврските за обезбедување јавност во работењето – доставување податоци за сопственичка структура, уредници, економското работење, извори на финансирање и достава на снимка од објавата до Агенцијата, при што не биле утврдени прекршувања. Доставените податоци, биле користени за проверка на евентуални промени на сопственичка структура од страна на радиодифузерите без претходно да биде известена Агенцијата, при што не било констатирано непочитување на законските одредби. Во функција на транспарентноста, била изработена и објавена публикацијата „Сопственоста на медиумите во 2025 година“, која е достапна на веб-страницата на Агенцијата. Информираше дека надзори за истите обврски биле спроведени и кај печатените медиуми, каде исто така не биле утврдени прекршувања. Во делот на стручните надзори, спомена дека е спроведен надзор врз на РА Сквер од Куманово, при што е утврдено дека радиото ги исполнува техничките и кадровските услови. Посочи дека Агенцијата одржала неколку состаноци поврзани со медиумската писменост, меѓу кои и состаноци во рамки на подготовките за Деновите на медиумска писменост. Додаде дека биле објавени три конкурси за доделување дозволи за радио емитување, за кои постапките се сè уште во тек. Во делот на одземање на дозволи, информираше дека била завршена една постапка – за ТВ Клан, поради неисполнување на кадровските услови и неплатен надоместок, и дека телевизијата е избришана од регистарот. Дополнително, избришано било и универзитетското радио УГД Штип, по поднесено барање за откажување од дозволата. Извести дека по барање биле спроведени четири надзори врз даватели на аудиовизуелни медиумски услуги, без утврдени прекршувања. Спроведени биле и 14 надзори врз оператори на јавни електронски комуникациски

мрежи, при што прекршување било констатирано само кај Тотал ТВ. Издадени биле вкупно 76 потврди за регистрација на програмски пакети. Наведе дека на почетокот на јуни, согласно измените на Законот за медиуми, бил донесен Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми, и дека во втората половина на јуни бил воспоставен и објавен Регистарот на веб-страницата на Агенцијата. Истакна дека биле изработени три студии за оправданост на објавување јавни конкурси за локални радија во Прилеп, Струга и Штип. Дополнително, биле изработени анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година“ и студијата „Регионални и локални радиодифузери – оправданост и можности за воведување мерки за поддршка“. Во делот на меѓународната соработка, информираше дека Агенцијата одговорила на неколку прашалници од Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), и дека нејзини претставници учествувале на 61-от состанок на ЕПРА, одржан во Молдавија. Биле одржани и работни средби со ИФЕС и ОБСЕ/ОДИХР, и ја посочи финализацијата на техничката спецификација за изработка на апликација за мониторинг на платено политичко рекламирање за време на изборни процеси. Апликацијата ќе ја финансира ИФЕС. Работни средби се одржани и со Советот на Европа во рамките на проектот ПРОФРЕКС, за изработка на Студија за примената на вештачката интелигенција во работните процеси од страна на медиумите. Посочи дека имало и средби и со други организации, чии детали се наведени во доставениот извештај. Дополнително информираше дека Агенцијата дала придонес во годишниот Извештај на Европската комисија за Поглавје 10 – Информатичко општество и медиуми и Поглавје 23 – Правда, слобода и безбедност, како и во финализирањето на Патоказот за владеење на правото – делот за функционирање на демократските институции. Посочи дека бил одржан вториот јавен состанок на Агенцијата за 2025 година, на кој бил презентиран пресек на активностите од вториот квартал и биле презентирани резултатите од анализата „Родот во медиумите во 2024 година“. Нагласи дека составен дел на Извештајот е и извештајот за финансиско остварување за вториот квартал, за кој дополнително ќе извести колегата Радуновиќ. На крајот, информираше дека во извештајниот период биле изречени вкупно 14 јавни опомени на радиодифузери и една јавна опомена на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Била спроведена една постапка за порамнување, која завршила со плаќање на глоба во предвидениот рок, и било поднесено едно барање за прекршочна постапка, кое е во тек пред надлежниот суд.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, г-дин Горан Радуновиќ, го образложи Кварталниот финансиски извештај за месеците април, мај и јуни 2025 година. Притоа, информираше за вкупните приходи и расходи остварени во вториот квартал. Во делот на приходите од буџетот, истакна дека се работи за средства што Агенцијата ги добива месечно преку Министерството за дигитална трансформација, при што секој месец се префрлува износ од 6.572.208,00 денари. Во врска со приходите од издадени дозволи, посочи дека во наведениот период (април–јуни) се остварени приходи во висина од 10 милиони денари, бидејќи во овој квартал се реализира издавањето на дозволи. Дополнително, информираше дека се реализирани и приходи од надзор, со оглед дека фактурите за надзор врз операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се издаваат во месец април и се целосно наплатени, односно сите обврзници ги регулирале своите обврски во целост. Истакна дека во извештајот се евидентирани приходи од таканаречени транзитни фактури, кои произлегуваат од сметките издадени кон Министерството за спорт. Станува збор за заеднички трошоци

поврзани со електрична енергија, одржување на системи за ладење и греење, управување со лифтови, платформата, како и за опрема за противпожарна заштита (ПП-апарати). Во однос на расходите, нагласи дека сите направени трошоци во вториот квартал се во согласност со склучените договори за јавни набавки и се во рамките на расходите предвидени со Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година.

Советничката г-ѓа Врзиволи посочи дека ставката за членарина е прикажана со вредност нула и праша дали е предвидено плаќање во претстојниот период по основ на членарина.

Раководителот Радуновиќ појасни дека Агенцијата има само една обврска по тој основ, а тоа е членарина за Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), во која Агенцијата членува како национален регулатор. Додаде дека годишната членарина за ЕПРА веќе е регулирана во текот на првиот квартал од годината.

Во продолжение, г-ѓа Врзиволи забележа дека евидентиран е вишок на средства, и побара појаснување за неговото потекло.

Раководителот Радуновиќ информираше дека вишокот на средства произлегува од предвидено плаќање членарина за ревизор кој бил вработен во Агенцијата, но поради тоа што истиот ја напуштил институцијата, планираните средства за таа намена останале неискористени.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој истакна дека текстот на Деловникот изминатиот период бил изработуван во тесна соработка со членовите на Советот, кои се целосно запознаени со направените измени во однос на постојниот Деловник за работа. Посочи дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Нацрт-деловникот денес се разгледува во форма на нацрт-документ и ќе биде предмет на јавна расправа во траење од 30 дена. По завршувањето на јавната расправа, Деловникот треба да биде усвоен во рок од 60 дена од денот на изборот на членовите на Советот, согласно законските одредби.

Советничката Цветанка Миновска побара појаснување во врска со член 9 од Нацрт-документот, кој гласи: „Работењето на Агенцијата се финансира од средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, од приходите од надоместоците предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), како и од заеми и друга финансиска и техничка помош.“ Во своето обраќање, таа го насочи кон делот што се однесува на заеми и друга финансиска и техничка помош, со цел негово подетално разјаснување.

Г-дин Трајчевски објасни дека содржината на членот 9 е утврдена во согласност со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во своето излагање, тој наведе конкретен пример од минатото, кога при изградбата на објектот во кој денес е сместена Агенцијата, поради недостиг на доволно финансиски средства, бил подигнат заем од една од комерцијалните банки. Овој заем ѝ овозможил на Агенцијата навремено да ги сервисира обврските поврзани со изградбата на објектот. Во тој контекст, г-дин Трајчевски нагласи дека, доколку се јави потреба, Агенцијата располага со можност да побара заем или друга форма на финансиска поддршка. Во однос на

техничката и финансиската помош, тој посочи дека таа најчесто се однесува на ИПА-проекти кои биле реализирани во минатото, а во моментов постои најава и за нова поддршка од страна на Европската комисија. На крајот, г-дин Трајчевски подвлече дека содржината на членот е преземена од одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

Г-ѓа Миновска побара појаснување и во врска со член 15 од Нацрт-деловникот, кој се однесува на надлежностите на Советот на Агенцијата. Таа се осврна конкретно на една од алинеите, во која е предвидено: „- донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во Стручната служба на Агенцијата." Г-ѓа Миновска праша дали во оваа формулација би можеле да бидат вклучени и „директорот и заменикот на директорот на Агенцијата", бидејќи, според неа, не е јасно дали и тие се опфатени.

Г-дин Трајчевски појасни дека директорот и заменикот на директорот се вработени во Стручната служба на Агенцијата. Сепак, предложи дополнително да се изврши проверка во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), каде што се утврдени надлежностите на Советот, со цел да се избегнат евентуални недоразбирања.

Г-ѓа Миновска заклучи дека, доколку директорот и неговиот заменик навистина се дел од Стручната служба, тогаш нема забелешка во однос на формулацијата.

Раководителката м-р Драгица Љубевска појасни дека ваквата формулација е пропишана во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), конкретно во член 18, кој се однесува на надлежностите на Советот. Во наведениот член е утврдено дека: „- донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во Стручната служба на Агенцијата."

Заменичката на претседателот на Советот Зирјета Јајага даде предлог во членовите 21, 23, 24 и 99 од Нацрт-деловникот каде што стои „директорот на Агенцијата, да се додаде и „заменик директорот на Агенцијата".

Г-дин Трајчевски истакна дека предложената измена ќе биде евидентирана како забелешка во Нацрт-документот. Тој појасни дека системот за снимање ја регистрира забелешката и дека дополнително ќе се разгледа усогласеноста на предлогот со одредбите од Законот. По спроведената анализа, Агенцијата ќе достави образложение при усвојувањето на финалната верзија на Деловникот, во кое ќе се наведе дали предложената формулација може да биде вметната. Во таа насока, г-дин Трајчевски посочи дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) не се користи терминологијата „заменик директор", туку „заменик на директорот", што значи дека заменикот го заменува директорот во негово отсуство. Тој наведе конкретен пример дека, кога директорот е отсутен поради службен пат или друга причина, заменикот автоматски ја презема неговата функција, при што одредбите од Деловникот важат и за него.

Г-ѓа Миновска, во врска со предлогот на г-ѓа Јајага, посочи дека ова прашање е објаснето во член 42 од Нацрт-деловникот, каде што е наведено следново: „Заменикот на директорот на Агенцијата го заменува директорот на Агенцијата во случај кога тој е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, во сите негови надлежности и одговорности во раководењето. Во соработка со директорот на Агенцијата, заменикот на директорот врши работи од надлежност на

директорот на Агенцијата, што тој ќе му ги довери." Во таа насока, г-ѓа Миновска побара дополнително појаснување за втората реченица, односно дали тоа значи дека директорот на Агенцијата му доверува конкретни работни задачи на заменикот во рамките на своите надлежности.

Г-дин Трајчевски одговори дека неговото објаснување е дадено согласно формулацијата од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која претходно ја образложил, и дека со тоа фактички зборуваат за истото прашање.

Советничката Гордана Мајнова предложи дополнување на член 41 од Нацрт-деловникот, конкретно во претпоследниот став, кој гласи: „Директорот е должен на Советот да му доставува Квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата, како и Квартални извештаи за преземените мерки во согласност со ЗАВМУ, во случај кога е извршена повреда на одредбите на ЗАВМУ, ЗМ или на прописите донесени врз основа на нив и условите и обврските од дозволите."

Г-ѓа Мајнова посочи дека оваа формулација е преземена од постојниот Деловник за работа од 2019 година, но дека во Нацрт-деловникот е изоставен дел од текстот, кој според неа е значаен. Имено, таа предложи по зборот „дозволите" да се додаде следното: „и кои содржат извештаи за меѓународните активности на Агенцијата и планираните активности во наредниот период", со цел ова да биде повторно вклучено во новиот текст на Деловникот.

Господин Трајчевски изјави дека за него предлогот е прифатлив, но дека е потребно истиот да се разгледа како формален предлог, да се направат консултации со правната служба и дека одговор ќе им биде благовремено доставен.

Г-ѓа Миновска даде предлог за дополнување на член 43 од Нацрт-деловникот, кој гласи: „Во случај на потреба од вработување во Стручната служба на Агенцијата, директорот поднесува предлог до Советот за одобрување на неговата одлука за распишување оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапката за вработување во Стручната служба. По добиеното одобрување, директорот донесува одлука за распишување оглас за засновање работен однос...". Г-ѓа Миновска предложи во текстот да се додаде следната формулација: „и заедно со Советот на Агенцијата составува Комисија за избор на кандидатот кој ќе заснова работен однос. Дополнително, таа предложи на следната реченица да ѝ се додаде „по претходна консултација со Советот на Агенцијата", така што целата реченица ќе гласи: „Директорот на Агенцијата одлучува за распоредување на вработените во Стручната служба на Агенцијата, по претходна консултација со Советот на Агенцијата."

Г-дин Трајчевски објасни дека единствената паралела која може да се направи со предложениот член е според Законот за јавни набавки. Тој појасни дека Советот има улога да дава одобрување за спроведување на јавна набавка, додека одговорноста за спроведување ја носи Стручната служба и директорот. Според неговото мислење, нема пречка доколку Советот сака да формира Комисија за избор на вработени, но потенцира дека, согласно Законот, Агенцијата функционира според систем на двостепено одлучување. Тој образложи дека Советот одлучува за отпуштање на вработените или кога се изрекуваат различни видови мерки, како опомени, парични казни или откази, што е важно за зачувување на принципот на двостепеност во одлучувањето. Г-дин Трајчевски нагласи дека, доколку Советот учествува и во изборот на вработени, се отвора прашањето како ќе се постапува во делот на казнувањето. Тој истакна дека,

доколку директорот донесе решение за отпуштање на вработен, тоа решение не е правосилно додека не биде потврдено од Советот. За жалбите и конечните одлуки одлучува Советот, по што следува можност за судска заштита од страна на лицето кое смета дека не е правилно постапено. Тој додаде дека овој систем претставува принцип на двостепено одлучување кој треба да се почитува. Исто така, објасни дека во Агенцијата вработувањата се ретки и најчесто во комисијата се вклучени раководители на сектори или нивни заменици, зависно од конкретната област. Г-дин Трајчевски нагласи дека досега нема постапувано спротивно на предлогот за формирање комисија за избор на вработени и дека може да се побара од правната служба да ги достави сите огласи и документи поврзани со изборот на примени лица. Тој појасни дека Комисијата секогаш го избира најсоодветниот кандидат и дека никогаш не бил примен кандидат кој не бил најдобар според редоследот, односно никогаш не се случило да биде примен кандидат кој бил на трето место. Целиот процес се спроведува во согласност со одлуките поврзани со јавни набавки и процедурите за вработување.

Г-ѓа Миновска истакна дека и покрај објаснувањата, сепак смета дека треба да се најде соодветно решение дали распоредувањето на вработените во Стручната служба да биде „во соработка“ или „заеднички со Советот“. Исто така, предложи дека при распоредувањето треба да се вметне дека тоа се прави „со консултација со Советот“.

Г-дин Трајчевски одговори дека распоредувањето е исклучива надлежност на директорот, кој е одговорен за законитоста на работењето на Агенцијата, како и за унапредувањето или уназадувањето на вработените. Тој предложи дека, доколку Советот смета за потребно, може да се воспостави практика во Кварталните извештаи да се информира за вработените кои се унапредени или уназадени. Дополнително, објасни дека доколку некој биде отпуштен, тоа мора да биде потврдено од Советот, со што Советот секогаш ќе биде навремено известен за таквите одлуки.

Г-ѓа Миновска побара од членовите на Советот да се изјаснат дали го прифаќаат предлогот во Кварталните извештаи да бидат вклучени информации за тоа кој вработен е унапреден и кај кого е извршена промена кон пониска позиција..

Г-ѓа Јајага предложи предлогот да се нотира, дополнително да се разгледа и да се утврди како би се применувал во пракса.

Г-дин Павловски истакна дека најпрвин е потребно да се провери дали постојат законски основи за ваков вид известување и дека, пред започнување на дискусијата, правната служба треба да даде мислење по ова прашање.

Г-дин Трајчевски објасни дека, иако таква законска обврска не постои, постои подготвеност Советот да биде целосно информиран, имајќи предвид дека Агенцијата работи транспарентно и нема намера да прикрива какви било податоци.

Г-дин Џуровски додаде дека со вклучување на вакви информации во Кварталните извештаи, Советот ќе биде само информиран, без да има дополнителни обврски или одлучувачка улога.

Г-ѓа Врзиволи постави прашање до директорот во врска со процесот на оценување на вработените, имајќи предвид дека токму врз основа на резултатите од оценувањето се носат одлуки за нивно унапредување или уназадување..

Г-дин Трајчевски објасни дека оценувањето се спроведува два пати годишно — за првите и за вторите шест месеци. За вработените во секторите, извештаите за оценување ги изготвуваат раководителите на секторот, додека за раководителите на сектор, оценувањето го врши директорот на Агенцијата. Врз основа на овие шестмесечни извештаи за работење, се спроведува процесот на унапредување или промена кон пониска позиција на вработените.

Г-ѓа Мајнова предложи целосно бришење на ставот 3 од член 106, кој гласи: „Членовите на Советот соработуваат со вработените во Стручната служба, а барањата за извршување работни задачи од страна на Стручната служба, поврзани со надлежностите на Агенцијата, ги упатуваат до директорот". Таа го образложи предлогот со тоа што наведената материја е веќе детално уредена со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата и Правилникот за внатрешна организација и работа, и поради тоа оцени дека ставот е излишен.

Г-дин Трајчевски одговори дека и оваа забелешка ќе биде нотирана и темелно разгледана, при што Советот дополнително ќе добие образложение дали предложеното бришење е прифатливо.

Г-дин Стефановски изнесе техничка забелешка во однос на член 97, кој гласи: „Класификацијата, односно декласификацијата на информацијата ја врши директорот на Агенцијата, согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ја уредуваат оваа материја". Тој предложи во текстот да се додаде дека класификација и декласификација на информациите се врши „по претходно одобрување од Советот на Агенцијата".

Г-дин Трајчевски одговори дека во моментот не може да даде конкретен став по предлогот, но дека забелешката ќе биде нотирана, разгледана и ќе се направат консултации, по што ќе се биде доставен соодветен одговор. Во врска со процесот на гласање, тој појасни објасни дека Советот треба да го прифати текстот на Нацрт-деловникот во неговата тековна форма, со нотирање на сите забелешки и предлози изнесени од членовите, за кои Стручната служба ќе се произнесе навремено и ќе ги информира членовите на Советот.

Г-дин Стефановски додаде дека Нацрт-деловникот ќе биде ставен на јавна расправа со рок од 30 дена, за сите заинтересирани да имаат можност да достават дополнителни предлози.

Г-ѓа Мајнова побара појаснување дали сите забелешки и предлози дадени од членовите на Советот денес треба да се обработат и вградат Нацрт-деловникот, по што целиот текст ќе се објави на веб-страницата за јавна расправа од 30 дена, или пак јавната расправа ќе се однесува само на верзијата на текстот предложена денес?

Г-дин Трајчевски одговори дека во принцип текстот ќе се објави во форма како што е предложен, бидејќи тоа е нацрт, додека забелешките на Советот се снимени. Тој појасни дека досега забелешките на членовите на Советот не се објавувале на веб-страница, бидејќи членовите имаат континуирана можност за комуникација со Стручната служба, каде може да ги дадат своите забелешки, како и да гласаат кога се носат одлуки. Сепак, доколку Советот инсистира или побара, нема пречка забелешките да бидат објавени на веб-страница.

Г-ѓа Мајнова посочи дека го разгледала линкот од веб-страницата од 2014 година, од каде што може да се забележи дека членовите на Советот и тогаш давале забелешки за Нацртот-документот.

Г-дин Трајчевски одговори дека забелешките и предлозите што денес ги изнесоа членовите на Советот, иако некои беа во форма на дискусија, а не како точно дефинирани забелешки, Агенцијата ги има евидентирано. Тој додаде дека тие ќе бидат разгледани и ќе се даде одговор за нивниот законски статус. Исто така, посочи дека секој член на Советот може да достави конкретни предлози преку линкот што е отворен за јавна расправа.

Г-ѓа Мајнова праша дали е поцелисходно Нацрт-деловникот да се ревидира со вградени забелешки од членовите на Советот и потоа таквата верзија да се стави на јавна расправа.

Г-дин Трајчевски објасни дека Нацрт-деловникот во моментот е во форма како што е предложен и дека не може веднаш да се изјасни дали забелешките ќе бидат прифатени. Тој нагласи дека службата треба да ги разгледа поединечно и да даде одговор за секоја од нив. Исто така, посочи дека доколку Советот има таква желба, забелешките може да се објават на веб-страницата во рамки на линкот за јавна расправа, при што Агенцијата е должна да се произнесе дали ги прифаќа или одбива, и да го образложи тоа. На сите кои ќе достават забелешки ќе им биде доставено образложение за прифаќањето или одбивањето.

Г-дин Стефановски рече дека се согласува Нацрт-деловникот да се стави на јавна расправа со предложениот текст, додека забелешките ќе бидат разгледани и ќе се добие образложение дали ќе се прифатат или не.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-ѓа Мајнова го усвои Нацрт- деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-деловник да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 30 дена, за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање. Таа објасни дека, освен за мониторинг на платеното политичко рекламирање, изборниот Законик ја обврзува Агенцијата и да ги потврди извештаите на радиодифузерите за реализирани услуги, односно за емитувано платено политичко рекламирање. Извештаите се потврдуваат во краток временски рок од пет дена од нивното доставување, а овие извештаи за реализирани услуги, радиодифузерите ги доставуваат во прилог на фактурите, што ги доставуваат во Државната изборна комисија за исплаќање на нивните трошоци за емитувањето. Во пресрет на претстојните локални избори, планирани за октомври оваа година, потребно е да се измени Упатството за потврдување на извештаите, за да се усогласи со претходни измени на Изборниот

законик и со праксата на Агенцијата на постапување. Во Нацрт-упатството се предложени четири клучни промени. Две од нив се поврзани со претходни измени на Изборниот законик, а две се резултат на искуството. Претходните измени на Изборниот законик се однесуваат на ставовите 4 и 5 во глава 1 „Општи одредби“ и на став 2 во глава 5 „Извештај за реализирани услуги“. Тие се поврзани со рокот за исплаќање на трошоците за емитувањето платено политичко рекламирање од страна на ДИК, кој веќе не е 30 дена од настапување на предизборниот молк, туку е 30 дена од објавување на конечните резултати, и на тоа дека обрасците за медиа плановите и за „Извештај за реализирани услуги“ ги донесува ДИК, а не Агенцијата како што стои во постојното Упатство. Додека предложените измени и дополнување во глава 2, „Информирање на Агенцијата за склучени договори“ и глава 3 „Доставување снимки од програмата“, се поврзани со нашата досегашна пракса. Се однесуваат на начинот на доставување на медиа плановите и на снимките од програмата. Досега радиодифузерите ги доставуваа медиа плановите, веднаш штом ќе ги добиеја од учесниците во изборите, меѓутоа праксата покажа огромни разлики во планираното и во реално емитувано платено политичко рекламирање, пред радиодифузерите воопшто да имаат шанси да ги проверат. Со предложената измена се бара радиодифузерите да ги доставуваат медиа плановите, откако ќе проверат дали емитувањето навистина било во согласност со планираното. Втората измена се однесува на начинот на доставување на снимките од програмата. Во постојното упатство имаше разработено шема на колку денови кои радиодифузери доставуваат снимки. Агенцијата во моментов користи поефикасен метод за достава на снимките, при што радиодифузерите ги прикачуваат снимките директно на сервер креиран од Агенцијата, со што се овозможува секојдневен пристап со корисничко име и лозинка. Овој начин на достава на снимките се воведе затоа што претходниот начин го пролонгираше многу процесот на мониторинг, затоа што имаше потреба од дополнително време да се симнат снимките што се доставуваа по електронска пошта, човечки ресурси за да ги организираат снимките, за да може подоцна да се прегледуваат. Ова се клучните промени во упатството и се предлага Советот да усвои Нацрт-упатството за изменување и дополнување на упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, кое ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата и да отвори јавна расправа до траење од 45 дена која би требало да заврши на почетокот од септември, што е доволно време и заинтересираните страни да се изјаснат и ќе има време Советот да го усвои во финална форма, затоа што ова упатство е потребно за периодот на изборна кампања кога се емитува платено политичко рекламирање а за овие избори се очекува тоа да биде некаде крајот на септември.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатството за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена, за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Точка 6

Раководителката Јаневска ја образложи Информацијата за спроведување на обврските на медиумските услуги за обезбедување пристапност за лицата со попреченост. Објасни дека со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули 2023 година беа зајакнати одредбите на давателите на медиумски услуги во поглед на обезбедувањето пристапност на своите содржини за лицата со сетилна попреченост. Потсети дека овие зајакнати обврски подразбираат усвојување на годишни акциски планови за пристапност, кои давателите на услуги треба да ги усвојат до 31 декември и поднесување на годишен извештај за исполнување на акцискиот план, кој што го доставуваат до 31 март во тековната година. Наведе дека оваа 2025-та година е првата година за која што давателите на аудиовизуелни медиумски услуги доставија годишни акциски планови за пристапност. Истакна дека обврската за пристапност е разработена во посебен Правилник за пристапност до медиумските услуги, кој е достапен преку линк во самата Информација и објавен на веб страницата на Агенцијата. Прегледот со сите планирани програми што ќе бидат направени пристапни, кој што е направен врз основа на годишни акциски планови, исто така е достапен на веб сајтот на Агенцијата во делот за достапност на медиумските услуги во посебниот банер кој постојано се ажурира. Објасни дека обврската да достават годишни акциски планови за пристапност ја имаат само националните комерцијални телевизии, три телевизиски сервиси на јавниот радиодифузен сервис, МРТ1, МРТ2 и МРТ5, и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, кои се правни лица. Од радиодифузерите на регионално и на локално ниво се очекува да се обидат да емитуваат содржини со пристапност, кои можат да бидат подготвени и од други радиодифузери од државата, и тие согласно правилникот немаат обврски да достават акциски планови. Овој надзор се однесува само на телевизиите на државно ниво, затоа што за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање треба да измине годината за да може да се пресмета процентот. Според Правилникот, телевизиите што емитуваат програма на државно ниво, во првата година по влегување во сила на правилникот, имаат обврска да направат пристапна најмалку една програма, а секоја наредна година да го зголемуваат бројот на програми, така да се постигне кумулативен ефект. Додека, давателите на услуги по барање имаат обврска да обезбедат пристапност на 2% од нивниот каталог, што значи дека мора да помине тековната година, за да може да се провери дали 2% од каталогот биле направени пристапни за лицата со попреченост. Сите субјекти, сите национални телевизии, МРТ и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, во законскиот рок, некои нешто по рокот, ги доставија годишните акциски планови. Годишен акциски план не достави, само А1 Македонија, која прво најави, а сега со допис од 10 јули извести дека прекинала да ја обезбедува аудиовизуелната медиумска услуга видео по барање, што значи во прегледот кој ќе биде објавен на веб страницата, за видео по барање услугите има информации за три оператори. Направен е надзор во два периоди, затоа што е нова обврска и за да се добијат посеопфатни податоци, едни во мај, едни во јуни, дадени се констатациите од надзорот кај секој медиум поединечно за двата надзори. Генерално може да се констатира дека поголем дел од медиумите ја исполнија обврската и тоа што го планирале во годишните акциски планови. Единствено, Наша ТВ и во првиот период, и во вториот период не го почитуваше својот годишен акциски план, односно не обезбеди пристапност на некоја своја програма за лицата со попреченост. Кај другите телевизии, некаде беа констатирани помали отстапувања во поглед на

терминот на емитување, некаде имаше и позначајни отстапувања во однос на тоа дека некои содржини не беа емитувани. Активности кои што следат по оваа информација е: на Наша ТВ ќе се испрати укажување дека треба да се усогласи со законските обврски, на сите радиодифузери ќе им се испрати допис со кој ќе се информираат за констатациите од овој надзор и од нив ќе биде побарано да ги усогласат годишните акциски планови со реалните термини на емитување на пристапните содржини. Исто така ќе се замолат за сите промени во програмските шеми, навреме да ја информираат Агенцијата за да може навреме да се ажурира прегледот што е на веб сајтот, кој што е направен за да можат лицата со попреченост на едно место да имаат информација кои содржини се пристапни. Исто така ќе се потсетат дека имаат обврска да ги најавуваат на програмата пристапните содржини пред нивното емитување. Констатирани се и уште две работи со овој надзор а тоа е дека доколку користат толкувач со знаковен јазик, поделениот екран со толкувачите треба да биде најмалку двојно поголем, што е обврска од Правилникот. Не беше тоа случај кај сите радиодифузери, а во поглед на титлување дека е пожелно да користат покрупен фонд за да биде доволно видлив, што исто така не беше случај кај сите радиодифузери.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давиодвска Довлева го образложи Предлог-правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори). Таа појасни дека со измените на ЗААВМУ од јули 2023-та година, како предмет на регулација се вклучени и физичките лица кои се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги. Поради спецификите на природата на дејноста, законодавецот предвидел обврска за Агенцијата да го утврди начинот на препознавање на овие физички лица што ќе се сметаат за даватели на такви услуги. Во таа насока, Правилникот што се разгледува уредува две клучни прашања: формата и содржината на пријавата што треба инфлуенсерите да ја доставуваат до Агенцијата за да бидат евидентирани во регистарот и критериумите што треба да ги исполнат за да бидат регистрирани. Станува збор за шест критериуми. Првиот критериум се однесува на тоа дали услугата се нуди преку платформи за споделување видео, како Инстаграм, Јутјуб, ТикТок, со напомена дека фокусот засега ќе биде ставен на овие три платформи. Вториот критериум предвидува услугата да има економски карактер, односно да се остварува некаков вид на заработувачка. Третиот критериум се однесува на целта на содржината - истата треба да информира, забавува или образува. Четвртиот критериум се однесува на постоење на уредувачка одговорност. Петтиот критериум се однесува на опфатот - содржината треба да биде наменета за пошироката јавност. Во почетната верзија бил поставен праг од 30.000 следбеници, претплатници или корисници, но по консултации со индустријата, каде што било укажано дека таквото ограничување би исклучило значителен број влијателни креатори, истиот бил ревидиран на 10.000 следбеници. Шестиот предвидува во текот на последните 12 месеци да се објавени најмалку 24 аудиовизуелни содржини. Во однос на седмиот критериум од Нацрт-правилникот, истиот е избришан бидејќи во текот на работата беше констатирано дека е содржан во првиот критериум. Правилникот содржи и два прилога: првиот е Образецот на пријавата, а вториот ги разработува детално критериумите. Дополнително, е вклучена и „decision tree“ - шема за одлучување, која на визуелен начин ги објаснува

критериумите, со цел физичките лица полесно да проценат дали имаат обврска да поднесат пријава до Агенцијата. Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Д.Довлева информираше дека следува фаза на прилагодување, во рамки на која, до крајот на оваа година, субјектите ќе треба да се регистрираат. Во истиот период, во соработка со Агенцијата, тие ќе бидат запознаени со важечките регулативи и со обврските што произлегуваат од нив.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/влогери/креатори), со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Правилник да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски, во врска со Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово и ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, поради прекршување на член 92, ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), појасни дека обата радиодифузери го прекршиле истиот член од Законот. Тој посочи дека и двете телевизии сториле ист прекршок, односно не ја исполниле законската обврска да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак обезбедиле најмалку половина од таа програма да се емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во своето излагање, г-дин Трајчевски се повика на конкретните наоди од извештаите од извршениот надзор, каде јасно се согледува дека двете телевизии се под законскиот минимум во исполнување на овие обврски. Врз основа на тоа, се предлага на двата радиодифузери да им биде изречена мерка јавна опомена, имајќи предвид дека ова е прво прекршување на овој член од Законот во тековната година. Дополнително, информираше дека на радиодифузерите ќе им биде оставен рок од 20 дена од приемот на решението за да го усогласат своето работење со законските обврски, по што ќе следува контролен надзор за утврдување на нивната усогласеност со донесената одлука на Советот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2463/1 од 12.06.2025г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 3 јуни 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10- 2465/1 од 12.06.2025г. и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 3 јуни 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски даде образложение на Предлогот за отпис на застарени побарувања од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истакна дека, согласно Ревизорскиот извештај, се идентификувани повеќе побарувања од поранешни радиодифузери, како и од една странска компанија – ХД Еуропиан Консалтинг Гроуп ДОО Белград, која во минатото спроведувала ИПА проект. Сите овие побарувања се постари од три години. Според наодите на ревизорот, истите треба да се отпишат од евиденцијата, но беше нагласено дека тоа не го исклучува правото на Агенцијата, доколку се создадат услови во иднина, да постапи кон наплата на средствата.

Г-дин Трајчевски појасни дека за дел од субјектите, како ТВ АБ Канал, Сител 3 и Радио Браво, се водат постапки пред извршител, но реалните изгледи за наплата се минимални. За ТВ Канал Визија и ТВ К-3 се водат стечајни постапки, додека субјектите МХ Радио, КТВ Пешна и Еуропиан Консалтинг се веќе ликвидирани субјекти. Во однос на Еуропиан Консалтинг, беше посочено дека Агенцијата имала издадено техничка опрема, за што била издадена и фактура со пресметан ДДВ во износ од 6.272,00 денари. Меѓутоа, таа обврска не била исполнета, веројатно поради тоа што компанијата имала ослободување од ДДВ врз основа на решение од Министерството за финансии. Овој ИПА проект датира од 2011 или 2012 година, а правниот субјект повеќе не постои. На крајот од своето излагање, г. Трајчевски информираше дека вкупниот износ на застарените побарувања кои се предлага да бидат отпишани изнесува 738.488,00 денари..

Г-ѓа Мајнова постави прашање по кој основ се создадени долговите од страна на радиодифузерите, како што се АБ Канал, Сител 3 и Радио Браво.

Г-дин Трајчевски појасни дека долговите на радиодифузерите АБ Канал, Сител 3 и Радио Браво произлегуваат од неплатени годишни фактури што Агенцијата им ги издала за радиодифузно емитување. Овие фактури, кои се однесуваат на телевизиско или радио емитување, биле доспеани за плаќање во рок од 30 дена. Поради непочитување на оваа обврска, Советот донел одлуки за одземање на дозволите за емитување. Тој дополнително нагласи дека Агенцијата не наплатува за целата календарска година, туку само за периодот во кој радиодифузерот навистина работел. Фактурите се издаваат пропорционално на бројот на денови до денот на одземање на дозволата (на пример, за 30 дена емитување). Сепак, и покрај оваа олеснителна околност, дел од радиодифузерите не ги регулирале ниту тие обврски, поради што овие побарувања останале заведени во сметководствената евиденција на Агенцијата.

Г-ѓа Врзиволи постави прашање во врска со изнесеното од страна на директорот, при што се осврна на делот каде што беше наведено дека за одредени субјекти е отворена стечајна постапка. Таа праша дали Агенцијата е пријавена како доверител во стечајната маса за соодветните побарувања.

Заменичката на раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, м-р Ивона Муфишева, појасни дека за ТВ К-3 е поднесена пријава за парично побарување. Дополнително, информираше дека во сите стечајни постапки, како и во постапките пред нотар и извршител, Агенцијата ги има преземено сите потребни правни дејствија со цел заштита на своите побарувања.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, во износ од 446.357,00 денари (четиристотини четириесет и шест илјади триста педесет и седум) денари.

Со отписот на горенаведениот долг, не се запира започнатата постапка за наплата на долгот. Доколку се наплати долгот, истиот ќе биде приходуван на сметката на Агенцијата.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Трговското радиодифузно друштво АБ КАНАЛ ДООЕЛ Скопје, во износ од 213.978,00 денари (двеста тринаесет илјади деветстотини седумдесет и осум денари).

Со отписот на горенаведениот долг, не се запира започнатата постапка за наплата на долгот. Доколку се наплати долгот, истиот ќе биде приходуван на сметката на Агенцијата.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпи на долг на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, во износ од 32.841,00 денар (триесет и две илјади и осумстотини и четириесет и еден) денар.

Со отписот на горенаведениот долг, не се запира започнатата постапка за наплата на долгот. Доколку се наплати долгот, истиот ќе биде приходуван на сметката на Агенцијата.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, во износ од 27.300,00 денари (дваесет и седум илјади и тристотини) денари.

Отписот на горенаведениот долг, се врши поради тоа што деловниот потфат на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје – во стечај согласно Решението на Основен граѓански суд Скопје I СТ-134/23 од 26.03.2024г. се затвора и не постои можност за наплата на долгот.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Трговското радиодифузно друштво РАДИОБРАВО ДООЕЛ Куманово, во износ од 4.929,00 денари (четири илјади деветстотини дваесет и девет) денари.

Со отписот на горенаведениот долг, не се запира започнатата постапка за наплата на долгот. Доколку се наплати долгот, истиот ќе биде приходуван на сметката на Агенцијата.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, во износ од 3.899,00 (три илјади осумстотини деведесет и девет) денари.

Отписот на долгот се врши поради тоа што не постои можност за негова наплата, со оглед дека согласно Решението Ст.бр.41/19 од 27.02.2020г. од Основен суд Охрид, отворената стечајна постапка над должникот ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ не се спроведува и се заклучува, поради тоа што имотот што би влегол во стечајната маса не е доволен ниту за намирување на трошоците во стечајната постапка.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на Друштвото за производство, трговија и услужни активности КТВ ПЕШНА увоз-извоз ДООЕЛ, Македонски Брод во износ од 2.912,00 денари (две илјади деветстотини и дванаесет) денари.

Отписот на долгот, се врши поради тоа што Друштвото за производство, трговија и услужни активности КТВ ПЕШНА увоз-извоз ДООЕЛ, Македонски Брод на 15.02.2019г., повеќе од 6 години е избришано од Централниот регистар на РСМ и не постои можност за наплата на долгот.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно отпис на долг на ХД Еуропиан Консалтинг Гроуп ДОО Белград (HD European Consulting Group "Client" Limited Liability Company), во вкупен износ од 6.272,00 (шест илјади двесте седумдесет и два) денари.

Горенаведената Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на Одлуката.

**Точка 11**

Заменичката на раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, м-р Ивона Муфишева, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: адаптивно и превентивно одржување на системот за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи. Таа

појасни дека целта на набавката е обезбедување на непречено и безбедно функционирање на системот, преку негово редовно одржување. Истакна дека набавката е предвидена со Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година. Во однос на финансиските средства, информираше дека вкупната проценета вредност изнесува 280.000,00 денари (без вклучен ДДВ), од кои: 140.000,00 денари се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, додека преостанатите 140.000,00 денари ќе бидат обезбедени со Финансискиот план за 2026 година, имајќи предвид дека услугата се однесува на период од две години. Нагласи дека доделувањето на договорот ќе се спроведе со примена на постапка за јавна набавка од мала вредност, согласно Законот за јавни набавки, без примена на електронска аукција. Останатите детали се содржани во материјалите кои беа доставени до членовите на Советот за разгледување на оваа точка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Адаптивно и превентивно одржување Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Адаптивно и превентивно одржување Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи за 2 (две) години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-2874/1 од 08.07.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026-та година.

**Точка 12**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија (СВРСМ)". Појасни дека Службен весник е единствениот понудувач, што значи дека не постои можност за избор на друг добавувач, но од формално-правен аспект, потребно е Советот да даде одобрување за користење на финансиски средства со цел продолжување на постојните пристапи.

Во врска со тоа, г-ѓа Мајнова постави прашање, укажувајќи дека се работи за услуга што чини средства и оти бројот на пристапи е ограничен. Таа праша кои лица од Стручната служба моментално имаат пристап до електронската база на СВРСМ.

Заменик-раководителката м-р Ивона Муфишева појасни дека од вкупно 4 пристапи: 3 се користат во Секторот за правни работи и 1 пристап е наменет за Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права.

Во продолжение, г-ѓа Мајнова побара сите одлуки што ќе бидат објавени во СВРСМ, а кои се однесуваат на надлежностите на Агенцијата, да бидат испраќани како известување до членовите на Советот во PDF формат или како слика.

Г-дин Трајчевски одговори дека Секторот за правни работи редовно ги информира раководителите на сектори, директорот, членовите на Советот,

претседателот и заменик-претседателот, кога станува збор за објави и измени во релевантната законска регулатива, особено поврзани со ЗААВМУ, Законот за медиуми и Изборниот законик. Дополнително нагласи дека пристапите до СВРСМ во правниот сектор не се индивидуални, туку се наменети за службена употреба, и сите вработени кои имаат потреба од информации или акти во врска со работењето на Агенцијата можат да ги користат тие пристапи.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 46.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**